Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 7**

**21.04.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар донесена на итна седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 20.04.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-423/1** **Општина Демир Хисар**
**21.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**341.** Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002,како и во согласност со член 34 од Законот за Буџет (Сл.весник бр.64/2005, 2008) а во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.3/02) Советот на општина Демир Хисар на 32 седница одржана на 27.03.2015 година донесе

**ОДЛУКА**
**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетотна Општина ДЕМИР ХИСАР за 2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година на следниот начин:

| Програма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | самофин. | Дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки:** | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 742119 други општи и Тековни донации | 0 | 0 | 4.675.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 4.675.000 | 0 |
| **W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | |
| 486190 Купување на други моторни возила | 0 | 0 | 4.630.000 | 0 |
| 425740 Дополнителни активности | 0 | 0 | 45.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 4.675.000 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина ДЕМИР ХИСАР и станува составен дел на Буџетот на општината за 2015 година.

**Бр.17-406/2** **Совет на општина Демир Хисар**
**20.04.2015** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар донесена на итна седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 20.04.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-423/2** **Општина Демир Хисар**
**21.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с***

**342.**Врз основа на член 24 од Законот за полиција (Сл.весник на РМ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15), а во согласност со член 36 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и во врска со член 43 став 1 точка 12 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 20.04.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на раководно лице Комадир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

Член 1

За раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар се избира

**Зоран Милевски** татко Александар, државјанин на Република Македонија, македонец, роден 23.10.1971 година во Стругово, Демир Хисар, со живеалиште во с.Стругово бб општина Демир Хисар, со завршено високо образование Правен факултет и 10 години работно искуство во полиција.

Член 2

Раководносто лице Командирот на Полицискатa станица од општа надлежност Демир Хисар се избира на основ Предлог листа рег.бр.24.7-23667/1 од 06.04.2015 година доставена од Министерот за внатрешни работи со мандат од четири (4) години.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до
-Архива
-Министерство за внатрешни работи
-Полициска станица од ОН Демир Хисар
-Избраниот

**Бр. 17-406/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**20.04.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за избор на Кандидациона комисија за утврдување на предлог кандидат за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за избор на Кандидациона комисија за утврдување на предлог кандидат за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар донесено на Итна седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 20.04.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-423/3** **Општина Демир Хисар**
**21.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

343. Врз основа на член 45 од Статутот на општина Демир Хисар /"Сл. гласник на општина Демир Хисар" бр.03/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, Советот на општина Демир Хисар на итната седница одржана на ден 20.04.2015 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на Кандидациона комисија за утврдување на предлог за кандидат за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар

1.Се избира Кандидациона комисија за утврдување на предлог за кандидат за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа недлежност Демир Хисар во состав

За претседател:
Сузана Димовска

За членови:
-Дејан Босилковски
-Вецко Кочовски

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

**Бр.17-406/3** **Совет на општина Демир Хисар**
**20.04.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

-------------------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1.Одлука за проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општината Демир Хисар за 2015 година------------------------------------------------------------------1
2.Одлука за избор на раководно лице Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар---2
3.Решение за избор на Кандидациона комисија за утврдување на предлог за кандидат за избор на раководно лице Командир на ПС од ОН Демир Хисар-----------------------2

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**